*Број: 02 - ___________*
*________ 2017 година*
*С к о п ј е*

*ЗАПИСНИК*
***од Втората седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***
*одржана на 17 октомври 2017 година со почеток во 14.30 часот во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Фатмир Меџити, претставник од Министерството за здравство – претседател;*
- *Верица Проковиќ, претставник од Министерството за финансии - заменик на претседателот;*
- *Прим. М-р Д-р Илија Глигоров, претставник на пензионерите во Република Македонија – член;*
- *Проф. Д-р Бистра Ангеловска, претставник од Лекарската, Фармацевтската и Стоматолошката комора на Македонија – член;*
- *Проф. Д-р Ненад Гавриловиќ, претставник на осигурениците - член;*
- *Проф. Д-р Назми Ејупи, претставник на стопанствениците во Република Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија – член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Данаил Дончев, В.Д. директор на ФЗОМ;*
- *Орхан Рамадани, директор на ФЗОМ;*
- *Даниела Јовческа Ѓуровска, директор на правниот сектор (делумно присутна);*
- *Зоран Крајоски, директор на секторот за контрола (делумно присутен);*
- *Христо Трповски, раководител на одделението за регрес и судски постапки, во својство на записничар.*

*Седницата ја водеше претседателот на Управниот одбор, Фатмир Меџити. На почетокот утврди дека се присутни сите седум членови на Управниот одбор со што условите за полноважно работење и одлучување се исполнети. Потоа го прочита претходно доставениот*

## *П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од Првата седница на Управниот одбор одржана на 9.10.2017 година*

1. *Предлог за донесување на Одлука за поништување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се наоѓаат на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (број 02-8019/1 од 29 мај 2017 година)*
2. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок за приватните здравствени установи кои вршат специјалистичко – консултативна стоматолошка здравствена заштита од дејностите орална хирургија, ортодонција и протетика за 2017 година*
3. *Разгледување на барања упатени до Управниот одбор*
   - *Барање од ПЗУ Мед Изгрев од Скопје*
   - *Приговор од ПЗУ Д-р Цвета Илијевска од Скопје*
   - *Приговор од ПЗУ Д-р Каланоски од Струга*
   - *Приговор од ПЗУ Д-р Јованка Алексова од Кочани*
   - *Барање од ПЗУ Филинг од Скопје*
   - *Барање од ПЗУ Феличита од Скопје*
4. *Предлог за донесување на Одлука за утврдување на формата и содржината на анекси на договорите што Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги склучува со здравствените установи заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица*
5. *Разно.*

*Наведе дека од Фондот е побарано разгледувањето на приговорот на ПЗУ Д-р Каланоски од Струга во рамките на точката 3 – Барања упатени до Управниот одбор, да биде одложено за следната седница. Ова оттаму што се укажала потреба предметот да биде дополнително проучен по што би можело да произлезе поинакво решение за спорното прашање. Предлогот беше едногласно прифатен, по што за работата на втората седница Управниот одбор едногласно го усвои следниот*

## *Д Н Е В Е Н Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од Првата седница на Управниот одбор одржана на 9.10.2017 година*

1. *Предлог за донесување на Одлука за поништување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои*

*се наоѓаат на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (број 02-8019/1 од 29 мај 2017 година)*

2. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок за приватните здравствени установи кои вршат специјалистичко – консултативна стоматолошка здравствена заштита од дејностите орална хирургија, ортодонција и протетика за 2017 година*
3. *Разгледување на барања упатени до Управниот одбор*
   - *Барање од ПЗУ Мед Изгрев од Скопје*
   - *Приговор од ПЗУ Д-р Цвета Илијевска од Скопје*
   - *Приговор од ПЗУ Д-р Јованка Алексова од Кочани*
   - *Барање од ПЗУ Филинг од Скопје*
   - *Барање од ПЗУ Феличита од Скопје*
4. *Предлог за донесување на Одлука за утврдување на формата и содржината на анекси на договорите што Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги склучува со здравствените установи заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица*
5. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред по редоследот како што е тоа забележано во овој записник.*

– *Усвојување на записникот од Првата седница на Управниот одбор одржана на 9.10.2017 година*

*Управниот одбор без забелешки, едногласно го усвои записникот од Првата седница одржана на 9.10.2017 година.*

*ТОЧКА 1 - Предлог за донесување на Одлука за поништување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се наоѓаат на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (број 02-8019/1 од 29 мај 2017 година)*

*Објаснување на предлогот даде Даниела Јовческа Ѓуровска. Наведе дека Управниот одбор на 26 мај 2017 година донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на која на 30 мај 2017 година, согласност даде министерот за здравство, по што истата беше објавена во Службен весник на Република Македонија на 9 јуни 2017 година. Подоцна, на 16 јуни актуелниот министер за здравство го поништи решението за давање на согласност. Поради тоа, одлуката не се применуваше. Сепак, со оглед што во моментот на поништувањето на решението за давање согласност, одлуката веќе беше објавена во*

*Службен весник на Република Македонија, истата остана во правниот систем како важечка. Поради тоа, се укажува потреба одлуката и формално да биде поништена.*

*По објаснувањето, дискутираа членовите на Управниот одбор при што бараа и дополнителни објаснувања и поставуваа прашања на кои одговори даваа претставниците на Фондот.*

*Ненад Гавриловиќ праша дали Фондот ја има во вид можноста аптеките кои издавале лекови според оваа сеуште важечка одлука да побараат да им биде платено според цените утврдени во неа.*

*Директорот Рамадани одговори дека со оглед што министерот го поништи решението за давање согласност еден ден пред нејзиното влегување во сила, одлуката не се применувала. Оттаму, од неа нема да има никакви консеквенци а со поништувањето само правно-формално ќе се стави вон сила.*

*По ова, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за поништување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се наоѓаат на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*ТОЧКА 2 - Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок за приватните здравствени установи кои вршат специјалистичко – консултативна стоматолошка здравствена заштита од дејностите орална хирургија, ортодонција и протетика за 2017 година*

*За втората точка на дневниот ред објаснување даде директорот Рамадани. Наведе дека одлуката се предлага заради намалување на договорниот надоместок на една здравствена установа поради раскинување на договорот помеѓу установата и Фондот. Причината за раскинувањето е пензионирањето на лекарот кој ја вршел дејноста. Бидејќи надоместоците на здравствените установи се утврдуваат на почетокот на годината во висина за целата година, со оглед на дополнително изменетите околности односно раскинувањето на договорот, надоместокот треба соодветно да се намали.*

*По објаснувањето, Управниот одбор без дискусија едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок за приватните здравствени установи кои вршат специјалистичко –***

*консултативна стоматолошка здравствена заштита од дејностите орална хирургија, ортодонција и протетика за 2017 година*

*ТОЧКА 3 - Разгледување на барања упатени до Управниот одбор*

*Во рамките на третата точка на дневниот ред, Управниот одбор разгледа пет барања упатени до него од здравствени установи, и тоа Барање од ПЗУ Мед Изгрев од Скопје Приговор од ПЗУ Д-р Цвета Илијевска од Скопје, Приговор од ПЗУ Д-р Јованка Алексова од Кочани, Барање од ПЗУ Филинг од Скопје, и Барање од ПЗУ Феличита од Скопје.*

*По разгледувањето на барањата и мислењата на стручната служба, Управниот одбор донесе соодветна одлука за секое од нив и ја задолжи стручната служба за одлуките да ги извести подносителите на барањата.*

*ТОЧКА 4 - Предлог за донесување на Одлука за утврдување на формата и содржината на анекси на договорите што Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги склучува со здравствените установи заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица*

*Објаснување на предлогот од четвртата точка на дневниот ред даде Даниела Јовческа Ѓуровска. Наведе дека предлогот се дава со цел да се ублажи казнената политика, односно да се изедначат казните на приватните здравствени установи од примарната здравствена заштита од сите дејности. Имено, казна за неоснована наплата на дополнителни средства од осигурените лица во висина од три месечни капитации фиксен дел во моментов е предвидена само во договорите за примарната здравствена заштита-општа медицина и за примарната стоматолошка здравствена заштита, со што ги доведува во нерамноправна положба со здравствените установи од останатите дејности. Од извршените контроли кај повеќето здравствени установи се констатира дека неосновано дополнително наплатените средства најчесто се помеѓу 300 денари и 500 денари, а кај здравствените установи кои имаат повисок износ на капитација, договорната казна може да достигне и износ од околу 500.000,00 денари. Со анексите на договорите за специјалистичко - консултативната здравствена заштита, специјалистичко - консултативната стоматолошка здравствена заштита, и за извршување и плаќање на лабораториски испитувања во специјалистичко консултативна здравствена заштита по упат на избран лекар, се врши прецизирање на начинот на утврдување на основицата при изрекување на договорната казна. Имено во важечките договори е предвидено договорната казна да се утврдува на последно исплатениот договорен надоместок, при што е предвидено квартално усогласување висината договорениот надоместок. Тоа значи, во кварталот здравствената установа во еден месец може да достави фактура за пружени здравствени услуги во повисок износ од месечниот надоместок, додека во другите два*

*месеци од истиот квартал да прикаже фактури со многу помал износ. Во таков случај договорната казна може да биде определена на многу висок износ, или на многу низок износ, зависно од последно фактурираниот и исплатен надоместок за соодветниот месец. За да се овозможи еднаков пристап при одредување на договорната казна, со овие анекси се определува основицата на која се утврдува договорната казна да биде во висина од една третина од вкупниот износ на надоместокот за последно исплатениот квартал.*

*Бистра Ангеловска наведе дека и коморите се согласни со релаксирањето на казнената политика, особено кога казните се несразмерни со прекршокот како што е во наведените случаи. Но истовремено не дозволуваме да се нарушува угледот на нашите струки со постапување на штета на осигурениците или на Фондот. Во таа смисла го поддржуваме Фондот во настојувањата за обезбедување на чесно и правилно давање на здравствените услуги од страна на здравствените установи.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***

***за утврдување на формата и содржината на анекси на договорите што Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги склучува со здравствените установи заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица***

*со која се утврдија анекси за пет договори кои Фондот ги склучува со здравствените установи заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица.*

*ТОЧКА 5 - Разно*

*Во рамките на точката разно беше дискутирано за следното:*

1. *Ненад Гавриловиќ во врска со информациите во јавноста за незадоволителниот квалитет на инсулините кои ги добиваат осигурените лица, побара Фондот да подготви информација за следната седница по што да се одлучи дали има потреба Фондот да реагира.*

*Бистра Ангеловска укажа дека надлежност за утврдување на квалитетот на инсулините има Агенцијата за лекови како и дека набавката на инсулините е централизирана преку Министерството за здравство.*

*Ненад Гавриловиќ сепак нагласи дека како Фонд треба кој води сметка за квалитетот на услугите што ги добиваат неговите осигуреници, треба да имаме став за тоа прашање.*

*По ова, Управниот одбор одлучи стручната служба на Фондот за следната седница да подготви информација за состојбата со квалитетот на инсулините, по што ќе се одлучува дали има можност и потреба Фондот да преземе некакви активности.*

2. *Фатмир Мецити праша дали Фондот има подготвено План за работа за 2017 година. Директорот Рамадани одговори потврдно, по што Фатмир Мецити побара за следната седница планот да биде доставен на Управниот одбор заради разгледување.*

3. *Фатмир Мецити предложи основицата на која се утврдува договорната казна за лабораториите, наместо во висина од една третина, да биде во висина од една петина од вкупниот износ на надоместокот за последно исплатениот квартал.*

   *Во однос на овој предлог, Управниот одбор побара стручната служба на Фондот да подготви анализа за следната седница.*

4. *Фатмир Мецити предложи да се изврши замена на секретарот на второстепената лекарска комисија за лекување во странство, така што наместо актуелниот Ивана Атанасовска, да биде назначена Зиза Ислами.*

   *Верица Проковиќ праша дали има објаснување, причина за предлогот а Фатмир Мецити наведе дека актуелниот секретар ја извршувал таа задача повеќе години, поради што треба да се направи замена.*

   *Потоа директорот Дончев наведе дека проблематиката на лекувањето во странство е една од најкомплексните и специфични области на работењето на Фондот, поради што и се посветува посебно внимание. Со оглед на тоа, се планира реорганизирање и кадровско зајакнување на службите кои работат на лекувањето во странство што и треба да се случи во претстојниот период. При тоа би можеле да бидат опфатени и персоналните решенија.*

   *Фатмир Мецити по ова укажа дека второстепената лекарска комисија со своја одлука ја формира Управниот одбор, а со истата одлука од редот на вработените во Фондот се назначува и секретарот на комисијата. Додаде и дека претседателот на Управниот одбор како потписник на второстепените решенија е директно упатен на соработка со секретарот, поради што и предлага посочената измена да се изврши уште на оваа седница.*

   *По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

*Одлука*
***за изменување на Одлуката за формирање на Второстепена лекарска комисија за лекување во странство***

*со која се изврши предложената промена на секретарот на Второстепена лекарска комисија за лекување во странство.*

*По донесувањето на одлуката дневниот ред беше исцрпен и Управниот одбор во 15.45 часот заврши со работата на втората седница.*

*Записничар,*
*Христо Трповски*

*Управен одбор*
*Претседател,*
*Д-р Фатмир Меџити*

*Овој записник беше едногласно усвоен од Управниот одбор на седницата одржана на 1 декември 2017 година*